**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-76/5**

**Скопје, 14.02.2006 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО"**
**БИТОЛА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие „Стрежево““ -Битола ( во понатамошниот текст „Стрежево“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 8 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Стрежево“ за 2002 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - М-р Илиос Вилос - директор од 03.02.2004 година до денот на ревизијата.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од од 14.11. до 28.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска, самостоен ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, виш ревизор,
   - Лепосава Шкилевиќ, помлад ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола, добиена е забелешка на Претходниот извештај заведена под број 1304-76/4 од 01.02.2006 година и тоа на дадените наоди содржани во точките 10.1.2.; 10.1.3.; 10.1.4.; 10.1.6 и 10.1.7.. Овластениот државен ревизор истата ја разгледа и не ја прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Претходен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Со Одлука број 23-6635/2 од 13.11.2001 година донесена од Владата на РМ основано е Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола. Согласно член 3 од Одлуката средствата за основање на “Стрежево“ се средства на ЈВП ХС “Стрежево“-Битола, а со Решение Трег. Бр. 1315/2001 на Основниот суд Битола извршена е регистрација на “Стрежево“ со средства на ЈВП ХС “Стрежево“-Битола во вредност/оснивачки влог од 8.688.409 илјади денари. Во сметководствената евиденција на 31.12.2001 година вредноста на средствата изнесува 6.313.856 илјади денари што упатува на нецелосно евидентирање на основачкиот влог што е спротивно на Законот за Јавните претпријатија и Законот за трговските друштва. Ваквиот начин на основање на претпријатието односно основање на претпријатие во услови кога не се обезбедени податоци и показатели од основачот, придонесува непочитување на законските акти и неусогласеност на основачкиот влог со вредноста на средствата во трговските книги за износ од 2.374.553 илјади денари и за истото на ревизијата не се презентирани соодветни документи.

11.1.2. Владата на РМ како основач на “Стрежево“ не се изјаснила/дала согласност за Статутот на претпријатието, актот за покривање на загубата, годишната сметка и финансиските извештаи, инвестиционата програма, акт со кој ке се утврдуваат цените на производите и услугите што претпријатието ги продава и врши за корисниците, извештајот за работењето на “Стрежево“и актите за покривање на загубата, што е спротивно на Законот за Јавни претпријатија. Непочитувањето на одредбите од Законот придонесува претпријатието да ја извршува својата дејност без при тоа да обезбеди согласност/надзор и контрола

од основачот за актите пропишани со Законот и покривање на загубата на терет на капиталот за износ од 786.046 илјади денари.

11.1.3. “Стрежево“ обавува дејности за кои не е регистриран кај надлежен Суд, односно врши дејности кои со Законот за јавни претпријатија не се утврдени како дејности од јавен интерес и тоа: производство и промет на риба, хотели, мотели и туристички населби, жичара, ресторани со послужување, трговија на мало и трговија на големо. Согласно Одлуката за основање на “Стрежево“ и решение Трег. Бр. 1315/2001 година, “Стрежево“ е регистрирано за извршување на следните основни дејности: искористување на водите за земјоделството, собирање, прочистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода, изградба на хидроградежни објекти, проектирање и инжењеринг. Превземените активности за извршување на дополнителни дејности како основа за остварување на дополнителни приходи предизвикува извршување на дејности кои не се од јавен интерес и за кои „Стрежево“ не е регистрирано.

11.1.4. “Стрежево“ нема донесено Правилник за исплата на плати и Систематизација на работни места што е спротивно на Законот за работни односи. Непревземањето на активности за изработка на наведените акти и непочитувањето на законската регулатива придонесува наградувањето на вработените да се извршува без соодветен пишан акт и неутврден потребен број и структура на вработени за обавување на определени работни задачи.

11.1.5. “Стрежево“ спроведувајки ги постапките за обезбедување и задоволување на потребите од нови вработување на работници не обезбедило доследно почитување на одредбите од Законот за работни односи и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и тоа:

- вработување без објавување на јавен оглас и Одлука од работодавецот;
- не е поднесено барање до Министерството за финансии и не е обезбедено писмено известување од истото министерство за обезбедените средства за нови вработувања и пополнување на испразнети места во финансискиот план за тековната година.
- не ги почитува одредбите од договорот во поглед на рокот за престанок на работниот однос на определено време.
- во договорот за засновање на работниот однос на определено време не е утврден рокот/датата до кога работникот ќе биде ангажиран.

Непочитувањето на одредбите од погоренаведените акти придонесува нетранспарентност при вработувањето, вработувања без обезбедена согласност од надлежните органи, извршување на работните задачи по истекот на периодот на вработувањето и засновање на работен однос на определено време без утврден датум.

11.1.6. Управниот одбор на ЈП “Стрежево” донел Одлука за определување на платата на директорот на Ј.П. број 02-145 од 27.02.2004 година, и Одлука за определување на платата на заменик директорот на Ј.П. број 02-212 од 07.03.2003 година, што е спротивно на член 2 од

Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Поради непочитувањето на наведениот Закон за периодот февруари-декември 2004 година односно јануари-декември на директорот и заменик директорот се исплатени месечни нето плати во вкупен износ од 1.336 илјади денари без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија.

11.1.7. “Стрежево” не изготвува тендерска документација согласно одредбите на член 36 од Законот за јавни набавки, а за набавките од мала вредност нема донесено интерен акт , што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Со неизготвувањето на тендерската документација и немање на интерен акт кај набавувачот кој би ја регулирал оваа постапка е оневозможено соодветно утврдување на организациониот облик, реализација на постапките, како и начинот за извршување на договорите и контрола на истите.

**Препораки и мерки:**

1. Менаџментот на „Стрежево“ во соработка со основачот на претпријатието Владата на Република Македонија да превземат активности и мерки кои ке резултираат со запишување на настанатите промени на основната главнина во трговскиот регистар.

2. Менаџментот на „Стрежево“ да превземе активности и мерки за обезбедување на согласност од основачот за Статутот на претпријатието, годишната сметка и финансиските извештаи, извештајот за работењето, актот за покривање на загубата, акт со кој ке се утврдуваат цените на производите и услугите што претпријатието ги продава и врши за корисниците.

3. Менаџментот на „Стрежево“ да превземе активности за регулирање на предметот на работењето на претпријатието односно преиспитување од оправданоста за обавување на дејности кои не се од јавен интерес и нивно запишување во трговскиот регистар.

4. Да се превземат мерки и активности за пропишување и донесување на акти според кои ќе се врши пресметка и исплата на платите и систематизација на работните места.

5. “Стрежево“ да превземе мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за работни односи.

6. „Стрежево“ да ги превземе потребните активности, да оствари контакт со надлежните тела и комисии при Владата на Република Македонија и да обезбеди соодветен акт за утврдување на платата на директорот и заменик директорот.

7. “Стрежево“ да превземе активности за и мерки кои ќе овозможат доследно почитување на Законот за јавни набавки а посебно во делот на изготвување на тендерска документација и донесување на интерн акт за спроведување на набавките од мала вредност.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. „Стрежево“ нема пропишано соодветни политики за задолжување на продавницата со сопствените производи, при што задолжувањето на сопствените производи во продавница се евидентира како трговска

стока, што е спротивно на Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план. Непостоењето и непропишувањето на содветни политики овозможува да се нема увид колку од задолжувањето на продавницата припаѓа на сопствени производи, а колку припаѓа на трговска стока и реализацијата на истите.

11.2.2. „Стрежево“ не превземал соодветни постапки за применување на сметководствената политика на формирање на цената на материјалите по просечни цени при набавката на материјали и нивното издавање во употреба, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Меѓународните сметководствени стандарди. Поради ненавремено евидентирање на влезот и излезот на материјалите заради ненавремено добивање на влезните фактури за набавка на материјалите неправилно е формирана просечната цена на поодделни материјали на залиха на крајот на пресметковниот период. Ваквиот начин на формирање на цената на материјалите придонесува да се нема реален и објективен увид во формираната просечна цена на подделни материјали на залиха.

**Препораки и мерки:**

1. „Стрежево“ да пропише соодветни сметководствени политики кои ке овозможат залихата на сопствени производи во продавница да ги евидентира согласно Правилникот за содржина на одделни сметки во сметковниот план.

2. “Стрежево“ да превземе соодветни постапки за навремено добивање на влезните фактури, навремено евидентирање на влезот и излезот на материјалите и правилно формирање на просечната цена.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На позицијата вложувања во поврзани субјекти во Билансот на состојба под 31.12.2004 година е искажан износ од 314 илјади денари. Наведеното салдо потекнува од 1995 година, превземено со регистрирање на ЈП “Стрежево“ од ЈВП ХС “Стрежево“ со чии средства е основано ЈП “Стрежево“. Согласно Законот за санација и реконструкција на дел од банките во РМ, Стопанска банка АД-Скопје со писмо број 01-610 од 11.07.1995 година побарала од “Стрежево“, Одлука во која Одлука претпријатието треба да наведе дали и понатаму останува акционер на Стопанска банка А Д Скопје. “Стрежево“ на 14.07.1995 година донел Одлука број 05-714 од истата дата потпишана од Работоводниот орган дека и понатаму останува акционер на Стопанска банка АД-Скопје. Одлуката со пропратно писмо број 05-714/2 од 14.07.1995 година е доставена до Стопанска банка АД Скопје. Во текот на ревизијата “Стрежево“ побара известување од Стопанска банка АД Скопје и од Централниот депозитар на хартии од вредност за вредноста на акциите во наведениот субјект. Од Стопанска банка А Д Скопје е добиено известие број 11.1/845 од 25.11.2005 година со кое ги известува дека нема законско право и обврска да дава такви информации. Од Централниот депозитар на хартии од вредност е добиено Известие број 02-333211 од 18.11.2005 година во кое е наведено дека “Стрежево“ Битола не е евидентирано како имател на акции издадени од страна на банката. Непревземањето на навремени мерки за следење на вложувањата во акционерскиот

капитал од 1995 до 2005 година оневозможува “Стрежево“ да има увид за своите вложувања.

**Препораки и мерки:**

1. “Стрежево“ да превземе мерки во соработка со надлежните институции/Министерството за финансии за осознавање на состојбата на наведените вложувања и соодветно постапување по истите.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Со увид во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2004 година се утврди следното:

- За сукцесивните набавки за кои се распишани тендери во текот на 2003 година склучени се рамковни договори во 2003 година со рок на важење до 31.12.2003 година. Во текот на 2004 година без да се продолжи рокот на важење на договорот вршени се набавки од истите добавувачи во вредност од 15.936 илјади денари (Прилог број 1). Објавени се постапки за јавни набавки по пат на отворен повик за набавка на истите производи и склучени нови договори со рок на важење до 31.12. 2004 година, притоа до денот на склучување на договорите во 2004 година вршени се набавки на производи без да се склучи соодветен акт/договор со истите.
- За набавката на стоки (пиво и кока кола) во вредност од 910 илјади денари,која може да се изврши само од одреден добавувач не е спроведена постапка за јавна набавка по пат на преговарање, а по претходна согласност од Бирото за јавни набавки.

Со ваквиот начин на работење не се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки при што е оневозможено следење на договорите во поглед на цените, количините и квалитетот на испорачаните стоки и услуги.

**Препораки и мерки:**

1. “Стрежево“ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција и еднаква положба на понудувачите.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3 и 11.4 предизвикуваат „Стрежево“ да: нема усогласеност помеѓу основачкиот влог и неговата вредност во сметководствената евиденција, нема обезбедено согласност од основачот за донесените акти, обавува дејности кои не се запишани во трговскиот регистар, нема Одлука од оснивачот за висината на платата на директорот, неизготвува тендерска документација, нема акт за набавките од мала вредност, формира неправилно просечни цени, нема увид за вложувањата и непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.1. до 11.3 .финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на „Стрежево“ под 31 Декември 2004 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.1. и 11.4. кај “Стрежево“ остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Со стапување на сила на Законот за водостопанства “Стрежево” со корисниците на вода нема склучено договори за снабдување со вода како што е предвидено во одредбите на член 64 и 65 од Законот за водостопанствата и тоа:

- долгорочни договори за потребите на наводнувањето кои треба да се склучат со водните заедници кои се во постапка на основање;

- годишни договори за снабдување со вода во сезоната за наводнување кои треба да се склучат со индивидуалните земјоделци, и

-долгорочни договори за испорачување на вода на комуналните претпријатија за водоснабдување и на корисниците на вода за индустриски потреби, вклучувајки ја и испораката на вода за производство на електрична енергија.

15. “Стрежево“ превземал мерки по дадените препораки и мерки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2002 година и тоа за наодите во точките 10.6, 10.7; 10.10 до 10.15; 10.18 и 10.21, додека по препораките и мерките кои се однесуваат на преостанатите наоди не е постапено.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 13/02/2006 година** **Максим Ацевски**

**Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 177,540 | 176,568 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 3.2. | 462 | 685 |
| Останати деловни приходи | 3.3. | 4,779 | 23,703 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **182,781** | **200,956** |
| Материјални трошоци | 3.6. | 44,694 | 42,850 |
| Трошоци за бруто плати | 3.7. | 101,441 | 96,710 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.8. | 266,642 | 267,919 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.9. | 11,523 | 22,534 |
| Останати оперативни трошоци | 3.10. | 23,120 | 20,261 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **447,420** | **450,274** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.4. | 79 | 46 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.5. | 296 | 1,991 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.11. | 2,197 | 820 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(266,461)** | **(248,101)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **(266,461)** | **(248,101)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | 4.16. | **(266,461)** | **(248,101)** |

Образложенијата дадени од страна 12-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 4,480 | 3,500 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 67,222 | 85,634 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 196 | 196 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 51 | 49 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 983 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6. | 3,636 | 4,155 |
| Залихи | 4.7. | 19,703 | 21,323 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 4.8. | 964 | 964 |
| **Вкупно тековни средства** | | **97,235** | **115,821** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.9. | 5,452,600 | 5,709,567 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.10. | 2,461 | 2,828 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **5,455,061** | **5,712,395** |
| **Вкупна актива** | | **5,552,296** | **5,828,216** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.11. | 15,730 | 17,625 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.12. | 878 | 3,775 |
| Останати краткорочни обврски | 4.13. | 7,728 | 12,545 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.14. | 150 | 0 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **24,486** | **33,945** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.15. | 5,794,271 | 6,042,372 |
| Загуба за финансиска година | 4.16. | (266,461) | (248,101) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **5,527,810** | **5,794,271** |
| **Вкупна пасива** | | **5,552,296** | **5,828,216** |

Образложенијата дадени од страна 12-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **6,042,372** | **248,101** | **5,794,271** |
| Загуба за финансиска година | | (266,461) | **(266,461)** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | (248,101) | (248,101) | **0** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **5,794,271** | **(266,461)** | **5,527,810** |

Образложенијата дадени од страна 12-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Јавно претпријатие “Стрежево“-Битола**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА**

| | во 000 Ден.<br>**2004/2003** |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ/Загуба** | **(266,461)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 266,642 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 68 |
| **Готовински текови од работење** | **249** |
| Побарувања по основ на продажба | 18,412 |
| Други краткорочни побарувања | (2) |
| Платени трошоци за идните периоди | (983) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 519 |
| Залихи | 1,620 |
| Обврски спрема добавувачи | (1,895) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (2,897) |
| Останати краткорочни обврски | (4,817) |
| Одложени плаќања на трошоци | 150 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **10,356** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 367 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (9,743) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(9,376)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **980** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **3,500** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **4,480** |

Образложенијата дадени од страна 12-26 се составен дел на финансиските извештаи